# „Му дадов заклетва на Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, со сведочење дека нема друг вистински бог освен Алах и дека Мухамед е Негов Пратеник, дека ќе клањам намаз, ќе давам зекат, дека ќе бидам послушен и покорен и дека ќе бидам искрен со секој муслиман.“

Џерир ибн Абдулах, радијаллаху анху, вели: „Му дадов заклетва на Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, со сведочење дека нема друг вистински бог освен Алах и дека Мухамед е Негов Пратеник, дека ќе клањам намаз, ќе давам зекат, дека ќе бидам послушен и покорен и дека ќе бидам искрен со секој муслиман.“
[صحيح] [متفق عليه]

Истакнатиот асхаб Џерир бин Абдулах ни кажува дека му дал заклетва и ветување на Аллаховиот пратеник, алејхи селам, дека ќе биде монотеист и ќе ги извршува петте задолжителни намази во текот на денот и ноќта, исполнувајќи ги неговите услови, столбови, задолжителните и пофалните работи. Тој дал завет дека ќе го дава пропишаниот зекат кој е задолжителен материјален ибадет, дел од имотот се зема од богатите и им се дава на оние категории за кои е наменет: сиромашните и другите. Покрај тоа, тој се обврзал дека ќе им биде послушен на владетелите и дека ќе има искрен однос кон сите муслимани, дека ќе го работи она што им користи, а ќе ги заштити од она што им штети, било со зборови или дела.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee